РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

ул. Архимедова бр.2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (02) 322 66 55; факс +389 (02) 321 51 12; http:// www.gazibaba.gov.mk; opstina@gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50 став (11) од Законот за урбанистичко планирање (''Сл.весник на РСМ'' бр.32/2020 и 111/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба, го дава следното:

## С О О П Ш Т Е Н И Е

Се известуваат граѓаните, правните лица од просторот опфатен со **Предлог Детален урбанистички план за градска четврт СИ 12 Блок 02, Општина Гази Баба – Скопје**, државната управа, научните и стручните организации, дека Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе Одлука за организирање на:

## ПОВТОРНА ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЈАВНА АНКЕТА

По **Предлог – Детален урбанистички план за градска четврт СИ 12 Блок 02, Општина Гази Баба – Скопје,** кој опфаќа простор од 24,65 ха., со следните граници :
• Североисток - сервисни улици „С1",„С2",„С3",
• Југ и Југоисток – граница на регулација на коритото на река Вардар согласно ГУП на Град Скопје
• Запад северозапад– оска на магистрална улица „Пролетна Офанзива"
Согласно ГУП на Град Скопје од 2012-2022 година, во планскиот опфат на блок 02 планирана е следната наменска зона:

- **Е3-некомпатибилна инфраструктура (пречистителна станица)**

Во рамките на Предлог - Детален урбанистички план Детален урбанистички план за градска четврт СИ 12 Блок 02 се предвидени следните класи на намена:

- Парцелизирано градежно земјиште:
  **Е1.6 канализациска инфраструктура : пречистителна станица**
  **Е1.8 инфраструктура за пренос на електрична енергија: трасформаторска станица**

- Земјиште за општа намена:
  **Д2.1 линиско сообраќајно зеленило**
  **Д2 заштитно зеленило**
  **Е1.1 сообраќајна патна инфраструктура**
  **Е1.4 хидротехничка инфраструктура (речна регулација - р. Вардар)**

**Предлог Детален урбанистички план за градска четврт СИ 12 Блок 02, Општина Гази Баба – Скопје,** ќе биде изложен во просториите на Урбаната заедница "Маџари 1", во рок од 12 работни дена и тоа почнувајќи од **10.01.2024 год. до 25.01.2024 год.** секој работен ден од 8,00 часот до 16.00 часот.

**Повторната јавна презентација на Предлог - Детален урбанистички план за градска четврт СИ 12 Блок 02, Општина Гази Баба – Скопје**, ќе се одржи на ден **12.01.2024 год**. со почеток во 12.00 часот во просториите на Општина Гази Баба, барака 8 (голема сала).

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
ул. Архимедова бр.2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (02) 322 66 55; факс +389 (02) 321 51 12; http:// www.gazibaba.gov.mk; opstina@gazibaba.gov.mk

Анкетните листови за учество во Јавната анкета ќе се наоѓаат во просториите на Урбаната заедница "Маџари 1".

Во определениот рок заинтересираните правни лица, физички лица, државната управа, научните и стручните организации можат да достават забелешки, предлози и мислења на Анкетните листови .

Бр.28-3/474/16
од 25.12.2023 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК

Бобан Стефковски